**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**С К О П Ј Е**

Согласно член 31 став 2 точка 2 и чл.111 ст.1,2 и 3 од Изборниот законик (Сл. весник на Република Македонија бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017,125/2017,38/18,99/18,140/18, 208/18) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **31.01.2019** година донесе:

# УПАТСТВО
## За гласање на немоќно или болно лице
## (согласно член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик)

**член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик**

**(1) Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице според упатството на Државната изборна комисија), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести општинската изборна комисија, најдоцна седум дена пред денот определен за гласање.**
**(2) Даденото известување од ставот 1 на овој член се однесува и на првиот и на второт круг на гласање.**
**(3) Известувањето од ставот (1) на овој член може да се даде и преку полномошник.**

### Член 1

Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија.

### Член 2

Известувањето дека лицето е немоќно или болно и сака да гласа, се доставува до општинската изборна комисија во местото каде лицето има постојано живеалиште. Покрај известувањето до општинската изборна комисија треба да се достави во оригинал или копија и медицински доказ за болеста или важечко решение за користење на туѓа нега од трето лице за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство.

### Член 3

Лекарско уверение издадено од матичен лекар без приложена медицинска документација во оригинал или копија, издадена од лекар специјалист за дадената дијагноза за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство, Општинската изборна комисија не ги прифаќа заради недостаток и несоодветно приложена документација.

### Член 4

ОИК при одлучување по известувањата за гласање на немоќните или болните лица, може да повика за консултација доктор специјалист за читање на дијагнозите по доставените известувања.

**Член 5**

Заради непридржување на ОИК на погоре наведените одредби од ова Упатство, престедателот, заменик претседателот, членовите и нивните заменици на ОИК (кои ќе одлучуваат по доставените известувања) имаат одговорност согласно одредбите на Изборниот законик.

**Член 6**

Полномошното со кое се поднесува известувањето за гласање на немоќно или болно лице треба да гласи само на член од потесното семејство. Немоќни или болни лица кои немаат член од потесно семејство, имаат право да дадат полномошно на друго лице. Друго лице може да биде полномошник и да поднесе известување за гласање најмногу за две лица од исто семејство. Тој што еднаш се пријавил како полномошник пред ОИК, не може да поднесува полномошна од други лица на цела територија на Република Македонија.

**Член 7**

Ова Упатство стапува на сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Државната изборна комисија.

**НАПОМЕНА:** Им се укажува на општинските изборни комисии при прифаќањето на барањето за гласање на болно и немоќно лице да обрнат посебно внимание и да проверат дали во приложената документација се наведени причините од точките 1 и 2 на ова Упатство.

**Даденото известување од според член 111 ставот (1) се однесува и за евентуално прегласување на гласачкото место во кое избирачот гласа.**

**Број** 08-2658/1
**07.02.2019 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**